# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР


# *ЕУ ВЕСТИ*


***јуни 2022 година***
***ЕУЦ-број 74/2022***


## СОСТАНОК НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ - ЈУНИ 2022



Европскиот совет на 23 и 24 јуни 2022 година усвои заклучоци поврзани со повеќе теми: Поширока Европа, Украина, Западен Балкан, економски прашања, апликациите за членство на Украина, Молдавија и Грузија, за Конференцијата за иднината на Европа и за надворешните односи.

При стратешка дискусија на темата Поширока Европа, Европскиот совет дебатираше за односите на ЕУ со партнерите во Европа, и лидерите на ЕУ разговараа и за предлогот за европска политичка заедница.

Целта на „Поширока Европа“ е да понуди платформа за политичка координација на земјите во Европа со кои ЕУ има блиски односи. Ова ќе помогне да се поттикне соработката и да се решат прашањата од заеднички интерес за зајакнување на безбедноста, стабилноста и просперитетот во Европа.

Европскиот совет повторно нагласи дека стои цврсто со Украина и дека ЕУ ќе продолжи да дава силна поддршка за севкупната економска, воена, социјална и финансиска отпорност на Украина, вклучително и хуманитарна помош. Лидерите на ЕУ ја повикаа Русија да ги деблокира пристаништата на Црното Море за да се дозволи извоз на украинско жито и обновување на комерцијалните бродски операции.

Европскиот совет ја препознава европската перспектива на Украина, Молдавија и Грузија и повтори дека иднината на граѓаните на овие земји е во ЕУ. Европската комисија треба да поднесе извештај до Советот, за исполнувањето на условите наведени во мислењата на Комисијата, за апликациите за членство.

Надоврзувајќи се на ревидираната Методологија за проширување, Европскиот совет ги покани Европската комисија и Советот на ЕУ, дополнително да ја унапредат постепената интеграција на Западен Балкан. Европскиот совет потсети на важноста на реформите во следните области: владеење на правото, независноста и функционирањето на судството и борбата против корупцијата. Европскиот совет ги повика и партнерите да ги гарантираат правата и еднаков третман на малцинствата.

Европскиот совет беше информиран за најновите случувања на дискусиите меѓу Бугарија и Северна Македонија и повика на брзо решавање на последните преостанати прашања за да може да се отворат пристапните преговори без одлагање.

Лидерите на ЕУ изразија недвосмислена поддршка за интегрирањето на Западен Балкан во ЕУ. Геополитичките настани создадоа моментум за преземање нови чекори во соработката на европскиот континент.

https://www.consilium.europa.eu

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Состанок на Европскиот совет јунин 2022 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Парламентарни избори во Франција | 6 |
| Референдум за учество на Данска во одбранбената политика на ЕУ | 6 |
| Нови барања за заштита на новинарите во ЕУ | 7 |
| Предлог за создавање Европска политичка заедница | 7 |
| Договорено зголемување на испораката на гас | 8 |
| Хрватска го воведува еврото во 2023 година | 8 |
| 8 милијарди евра помош за домаќинствата во Франција | 9 |
| Извaштај за стратешко предвидување 2022 | 9 |
| Договор за правилата за следење на крипто трансферите во ЕУ | 10 |
| Мета, Гугл и Твитер со акција против лажните вести во ЕУ | 10 |
| Нов кткаткорочен статистички показател на Евростат | 11 |
| ЕУ календар / јули 2022 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

***Пленарна сесија 06-09 јуни 2022***

Претседателката на ЕП Роберта Мецола на церемонијата што се одржа во Стразбур ја додели европската филмска награда на публиката LUX за 2022 година на „Quo vadis, Aida?“ од босанската режисерка Јасмила Жбаниќ.

Во извештајот усвоен со 420 гласа европратениците побараа право да поднесуваат законски предлози, кои ќе ја зајакнат демократијата на ЕУ и ќе ја вратат институционалната рамнотежа.
Европарламентот со 355 гласа усвои резолуција со која го повикува Европскиот совет да даде согласност за започнување на процесот за ревидирање на договорите на ЕУ.

Во обраќањето пред европратениците, претседателот на украинската Врховна Рада Руслан Стефанчук ја повика ЕУ да ја поддржи апликацијата за членството во ЕУ на Украина.

Во резолуцијата усвоена со 411 гласа европарламентот изразува сериозна загриженост за одобрувањето на Комисијата за планот на Полска од 35,4 милијарди евра во рамките на Објектот за обнова и отпорност (RRF).

Во извештајот усвоен со 448 гласа европратениците предупредија дека покрај повторените изјави на Турција дека има за цел да стане членка на ЕУ, во последните две години земјата нема напредок во однос на процесот на пристапување.

Европратениците изразија солидарност, со Ирска во преговорите со Англија, за договорот по Брегзит во последната дебата „Ова е Европа“ во Стразбур.

Европратениците го поздравија единството и дополнителните санкции донесени од Европскиот совет.
Европарламентот со 557 гласа даде зелено светло за новиот договор за рибарство со Мавританија, од кој се очекува зајакнување на еколошката, економската, социјалната и научната соработка.
Европарламентот со 339 гласа даде поддршка на ревидираните стандарди за емисиите на $CO_2$ за новите патнички автомобили и лесни комерцијални возила, што беше предвидено во пакетот „Fit for 55 in 2030“.

Со 472 гласа европратениците го поддржаа предложеното аконодавство за намалување на емисиите на стакленички гасови и подобрување на природното намалување на јаглеродот во секторите за користење на земјиштето, промена на употребата на земјиштето и шумарството (LULUCF).

Предлог-законодавството за реформа на Системот за тргување со емисии (ETS) беше вратен до Комисијата, откако Парламентот го отфрли извештајот со 340 гласа (Правило 59 (4) од Деловникот (RoP).

Гласањето за амандманите на законодавството за Фондот за социјална клима беше одложено во очекување на политички договор за иднината на реформата на ETS (Правило 200(4)).

Европарламентот со 554 гласа даде зелено светло на новиот Меѓународен инструмент за набавки наменет да го поттикне отворањето на глобалните пазари за набавки.

Европратениците го осудија назадувањето на сексуалното и репродуктивното здравје и правата на жените ширум светот, вклучително и во САД и некои земји од ЕУ, повикувајќи на безбеден пристап до абортусот. Европратениците со 364 гласа усвоија резолуција при што потсетувајќи го Врховниот суд на САД дека е од витално значење да се потврди историскиот случај „Ро против Вејд“ (1973 година), кој ги штити правото на абортус во Уставот на САД.

Европскиот парламент усвои три резолуции за почитување на човековите права во Кина, Никарагва и Грузија.

www.europarl.europa.eu

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

***Пленарна сесија 22-23 јуни 2022***

Европратениците усвоија позиција за трите клучни нацрт-закони на ЕУ за борба против климатските промени преку намалување на емисиите на стакленички гасови за најмалку 55% до 2030 година и за заштита на работните места и граѓаните.
За време на дебатата „Ова е Европа“ со хрватскиот премиер Андреј Пленковиќ, европратениците изразија поддршка за усвојувањето на еврото од страна на Хрватска и пристапувањето кон Шенген.

Европратениците ги истакнаа своите очекувања за Европскиот совет на 23 и 24 јуни на пленарна дебата со француското претседателство и претседателот на Комисијата, фон дер Лајен. Повеќето говорници во дебатата го поддржаа отпочнувањето на пристапните преговори со земјите од Западен Балкан, кои и покрај нивните напори беа оставени предолго на чекање, истакнаа европратениците. Особено Северна Македонија и Албанија треба да се третираат праведно, истакнаа европратениците. Во извештај усвоен со 506 гласа европратениците изразија разочарување што од 2017 година, ниту еден од преговорите за 33 прегледани поглавја за пристапување не е затворен, што го забавува позитивното достигнување и статусот на Црна Гора како земја од Западниот Балкан, која е најдалеку во процесот на пристапувањето во ЕУ. На пленарната седница се дискутираше и за перспективите на Босна и Херцеговина, дел од европратенмиците повикаа на јасен пристапен пат за сите земји од Регионот.

Лидерите на ЕУ мора да ја исполнат својата историска одговорност и да дадат јасен политички сигнал на Украина, Молдавија и Грузија, потврдувајќи ја нивната европска перспектива, истакнаа европоратениците во резолуцијата усвоена со 529 гласа.

Европскиот парламент го одобри договорот со земјите-членки за продолжување на правната рамка на Дигиталниот сертификат на ЕУ за КОВИД, за уште 12 месеци.



Европарламентот со 414 гласа го одобри Стефанус Абрахам Блок, номиниран од холандската влада, за член на Европскиот суд на ревизори (ЕЦА).

Европратениците одобрија околу 20 милиони евра помош од ЕУ за работниците кои неодамна беа отпуштени во Франција и Грција. Помошта од ЕУ во вредност од 17,7 милиони евра е одобрена за поддршка на 1.580 работници од Ер Франс и две нејзини подружници во 16 француски региони, кои ги загубија своите работни места поради пандемијата на СОВИД-19. Нацрт-извештајот на известувачот Фабиен Келер (ОБНОВИ, ФР) кој препорачува Парламентот да ја одобри помошта беше усвоен со 564 гласа.

Со извештајот усвоен со 420 гласа „за“, 90 „против“ и 83 воздржани, европратениците имаат намера да влијаат на претстојниот преглед на Комисијата за имплементацијата на Инструментот за закрепнување и отпорност (RRF), што се очекува до 31 јули 2022 година.

Новата регулатива договорена со министрите на ЕУ, поставува задолжително минимално ниво на гас во складиштата на 80% до 1 ноември 2022 година. Целта ќе биде 90% за следните години, со цел да се обезбеди заштита од можни шокови во снабдувањето. Текстот ја нагласува потребата земјите од ЕУ да ги диверзифицираат изворите за снабдување со гас и да ги зајакнат мерките за енергетска ефикасност.

www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 28.06.2022 година оствари средба со европратениците, членови на Мешовитиот парламентарен комитет – Република Северна Македонија и ЕУ. На средбата присуствуваа и Соња Мираковска, во својство на ко-претседавач на Мешовитиот парламентарен комитет и Цветанка Иванова, генерален секретар на Собранието. Соговорниците разменија мислења за Дијалогот Жан Моне кој се води во партнерство со Европскиот парламент.

www.sobranie.mk



На 23 јуни 2022 година во Рим, Италија, претседателот Џафери оствари средба со Н.Е. Роберто Фико, претседател на Домот на пратеници на Италијанската Република. На средбата беа разменети мислења за билатералната соработка меѓу двете земји. Џафери ја поздрави италијанската поддршка на европската агенда на Република Северна Македонија, и изрази надеж за приклучување кон европското семејство. По завршување на средбата, двајцата претседатели потпишаа Протокол за парламентарна соработка меѓу Собранието и Домот на пратеници на Италијанската Република.
Во рамките на работната посета на Италија, Џафери оствари средба со Н.Е. Мариа Елизабета Алберти Казелати, претседателка на Сенатот на Италијанската Република, на која ја нагласи улогата на Италија како важен политички и економски партнер на Република Северна Македонија.





Претседателот Џафери на 20 јуни 2022 година оствари средба со премиерката на Република Финска, Сана Марин. На средбата Џафери ја афирмира поддршката на Финска за членство во НАТО и ја потврди подготвеноста на Собранието да го ратификува Пристапниот Протокол за членство на Финска во НАТО.

На 15 јуни 2022 година претседателот на Собранието Талат Џафери оствари средба со Гордан Грлиќ Радман, министер за надворешни работи на Република Хрватска, кој претстојуваше во дводневна официјална посета на земјава. На средбата Џафери изрази благодарност за поддршката на Република Хрватска за европската интеграција на државите од Западен Балкан. Соговорниците разменија мислења и за Берлинскиот процес и за иницијативата Отворен Балкан како заложби за дополнително зајакнување на регионалната економска соработка и унапредување на слободата на движење на луѓе и стоки.



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Во Собранието на 28 и 29.06.2022 година се одржа 19 состанок на Мешовитиот парламентарен комитет–Република Северна Македонија и ЕУ. Состанокот го отворија двајцата копретседавачи на МПК, Соња Мираковска и европратеникот Андреас Шидер. На состанокот учествуваа европратениците Ирена Јовева, Марион Валсман и Владимир Билчик.
На крајот на состанокот со мнозинство гласови беа усвоени препораки, кои беа доставени до институциите во земјава и ЕУ.
Гостите од Европскиот парламент остварија средба со претседателот на Собранието, Талат Џафери; генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова и со координаторите на Пратеничките групи на СДСМ - Јован Митревски, на ВМРО-ДПМНЕ - Никола Мицевски, на ДУИ - Арбер Адеми и на Алијансата за Албанците - Илире Даути.



Комисијата за европски прашања на 4 јуни 2022 година во Охрид беше домаќин на 18 Конференција на парламентарните комисии за европски прашања на земјите опфатени во процесот на стабилизација и асоцијација на Југоисточна Европа - КОСАП. На Конференцијата учествуваа членови на парламентарните комисии за европски интеграции/прашања од Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Црна Гора и членовите на комисиите за европски интеграции на Големото национално собрание на Република Турција и на Парламентот на Косово како набљудувачи. На Конференцијата претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми истакна дека регионалната соработка е важна во насока на развивање на политички, економски и културни релации, што ќе придонесе во унапредување на состојбите во нашите држави.
Комисијата за европски прашања во месец јуни одржа една седница на која беше разгледан Предлогот на Закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка.







На редовната јунска сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПСЕ), од 20 до 24 јуни 2022 година во Стразбур, со која претседаваше и шефот на македонската делегација Дарко Каевски, беше отворена дебата за пријавените случаи на политички затвореници во Руската Федерација и потребата од враќањето на човековите права и владеењето на правото во Северен Кавказ. На темата „Борбата против антисемитизмот во Европа“ свое излагање имаше членот на Делегацијата на Собранието, Александар Николоски. Тој го поддржа Ивештајот во кој се наведува дека антисемитизмот е во спротивност со основните вредности на Советот на Европа и треба да се третира во рамките за човековите права. Во своето обраќање пратеничката Биљали Зендели подвлече дека доаѓа од земја која го смени името и стана полноправна членка на НАТО, што придонесе граѓаните да се чувствуваат позаштитени. Изрази жалење што земјите од Западен Балкан сè уште не се членки на Европската Унија, а „духот“ на отворените спорови може да се почувствува и во Советот на Европа.

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ФРАНЦИЈА




Во Република Франција на 12 и 19 јуни 2022 година се одржаа парламентарните избори. Коалицијата на Ансамблот на претседателот Емануел Макрон (Заедно) задржува најмногу места во парламентот. Резултатите нанесоа тежок удар на партијата која во последните пет години имаше владејачко мнозинство во Националното собрание. Според конечните резултати коалицијата на Макрон освои 245 од 577-те пратенички места, што е за 44 места помалку од апсолутното мнозинство и повеќе од сто места пад од 346-те места што ги имаше претходно.
Левичарската алијанса НУПЕС, предводена од Жан-Лик Меланшон освои 131 место, додека 22 места им припаднаа на други левичарски кандидати.
Екстремно десничарската партија Национален собир предводена од Марин Ле Пен освои рекордни 89 места, наспроти 8-те места досега.
Републиканците, долгогодишни стандардни носители на француската десница, се симнаа од 101 на 61 место. Вкупната излезност на гласачите на изборите во Франција и понатаму е мала. Вкупно 1.148 кандидати биле вклучени во трката за 577 пратенички места во Националното собрание.

https://www.france24.com

## РЕФЕРЕНДУМ ЗА УЧЕСТВО НА ДАНСКА ВО ОДБРАНБЕНАТА ПОЛИТИКА НА ЕУ



На референдумот во Данска одржан на 02 јуни годинава, околу 67% од Данците гласаа за приклучување кон одбранбената политика на ЕУ.
Данска е единствената членка на ЕУ која не е дел од одбранбената и безбедносната политика на блокот. Министерот за надворешни работи Џепе Кофод изјави дека Данска очекува да се приклучи на заедничката безбедносна политика на ЕУ, од 1 јули годинава.Пристапувањето на Данска во европската заедничка одбранбена политика би имало релативно скромно влијание врз безбедносната архитектура на Европа, особено во споредба со влезот на Шведска и Данска во НАТО. Главниот ефект од учеството ќе биде тоа што данските функционери ќе можат со нивните колеги од ЕУ да разговараат за воени прашања и данските трупи ќе можат да учествуваат во европските воени операции.
Данска пред три децении одлучи да не учествува во дискусиите за безбедносната политика во ЕУ, за нејзиниот развој и за набавка на оружје, и досега не учествувала во заеднички воени операции на ЕУ.
На референдумот во 1993 година, Данска одлучи и да не учествува во европската соработка за прашањата на правдата и внатрешните работи, заедничката валута и државјанството.

https://euractiv.rs

## НОВИ БАРАЊА ЗА ЗАШТИТА НА НОВИНАРИТЕ ВО ЕУ




Советот на Европската унија на 21 јуни 2022 година усвое заклучоци за заштита и безбедност на новинарите и медиумските професионалци.
Членките на ЕУ ја повикуваат Европската комисија да го зголеми финансирањето на независното и истражувачко новинарство и да обезбеди онлајн безбедност и слобода на говор за новинарите и другите медиумски професионалци во сите релевантни иницијативи кои ја следат дигиталната стратегија на ЕУ.
Според извештајот на Советот на Европа, бројот на предупредувања за сериозни закани за безбедноста на новинарите и слободата на медиумите во Европа е речиси двојно зголемен од 2016 година. Во 2021 година имало 282 такви предупредувања. Со заканите за нивната безбедност, економската состојба на новинарите и другите медиумски професионалци станува се потешка. Дигиталната трансформација, затворањето на медиумите и последиците од пандемијата ја влошиле економската несигурност на новинарите.
Во усвоените заклучоци, Советот на ЕУ ги повикува членките и Комисијата, да го охрабрат доживотното учење на менаџерите на редакциите, органите за спроведување на законот, судиите и другите засегнати страни за заштита на новинарите и медиумските професионалци. Комисијата и земјите членки на ЕУ се исто така поканети да поддржат (на пр. преку професионална, финансиска, социјална и правна помош) независни и новинари кои ја напуштиле својата земја, особено од земји како Украина, Белорусија и Руската Федерација.

https://www.consilium.europa.eu

## ПРЕДЛОГ ЗА СОЗДАВАЊЕ ЕВРОПСКА ПОЛИТИЧКА ЗАЕДНИЦА



Францускиот претседател, Емануел Макрон ја претстави идејата за создавање европска политичка заедница на 9 мај годинава во говорот што го одржа во Европскиот парламент во Стразбур по повод годишнината од формирањето на ЕУ. Европска политичка заедница ќе ги вклучи сите европски држави кои сакаат заедно да придонесат кон безбедноста, стабилноста и просперитетот на европскиот континент.
Предлогот на Макрон е со цел да се понуди координативна политичка платформа за европските земји низ целиот континент. Тоа се однесува на Западен Балкан, земјите од Источното партнерство и други европски земји со кои имаме блиски односи..
Идната Европска политичка заедница би имала облик на правна структура со капацитет да носи одлуки со почитување на автономијата на одлучување на ЕУ и на секоја од државите што ќе бидат членки. Се предлага државите членки да се собираат неколкупати годишно на ново на шефови на држави и влади, но и на министерско ниво. Во предлогот за наведува дека Европската политичка заедница нема да биде замена за Советот на Европа, ОБСЕ или трансатлантските односи, дополнително нема да биде алтернатива за членството во ЕУ и нема да биде замена за процесот на проширување.
За европските земји кои сакаат да се приклучат на Европската унија, овој форум ќе овозможи зајакнување на врските со земјите-членки на ЕУ пред пристапувањето, како политички, така и во однос на придружното учество во одредени политики на ЕУ, вклучувајќи, каде што е соодветно, преку постепена интеграција во внатрешниот пазар на ЕУ. Идејата на Европската политичка заедница е зајакнување на политичките, економските, културните и безбедносните врски меѓу членките, дека ќе биде форум за координација и одлучување со цел да се одговори на конкретен начин на предизвиците со кои се соочуваат сите земји на европскиот континент.

https://euractiv.rs

## ДОГОВОРЕНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИСПОРАКАТА НА ГАС



Европската Унија и Норвешка - најголемиот западноевропски производител на гас, на 23 јуни 2022 година постигнаа договор за зголемување на снабдувањето со гас, со цел да го надополни недостигот кај земјите-членки на ЕУ, од кои половината се соочуваат со прекини во испораките од Русија.

Брисел соопшти дека 12 земји-членки се соочуваат со недостиг бидејќи Русија го намали транспортот преку гасоводот Северен поток 1, со образложение дека има технички проблеми.

Русија претходно ја прекина испораката на гас на Полска и на Холандија, како и кон други земји кои одбија да платат во рубљи.

Норвешка го зголеми производството на гас за да одговори на европскиот недостиг и очекува раст на продажбата од 8% на 122 милијарди кубни метри годишно.

ЕУ речиси 1/5 од потребите за гас ги обезбедува од Норвешка, додека од Русија, пред инвазијата врз Украина, увезуваше 40% од вкупните потреби.

https://www.reuters.com

## ХРВАТСКА ГО ВОВЕДУВА ЕВРОТО ВО 2023 ГОДИНА



Европската комисија на 2 јуни 2022 година објави дека Хрватска ги исполнила сите услови за усвојување на заедничката валута - еврото, на почетокот на 2023 година. Хрватска, која пристапи во ЕУ во 2013 година, треба да ја замени хрватската куна со еврото на 1 јануари следната година.

Комисијата објави извештај за нивото на подготвеност на земјите-членки на Европската Унија, кои не го користат еврото за влез во еврозоната. Во извештајот се наведува дека бројот на земји членки на еврозоната ќе се зголеми на 20 откако Хрватска ќе го усвои еврото.

Хрватска ги исполнува критериумите во областите: стабилност на цените, јавните финансии, девизниот курс и долгорочните каматни стапки при транзицијата кон еврото. Конечната одлука за транзицијата на земјата кон еврото се очекува да ја донесе Европскиот совет во јули откако Европскиот парламент и Европската централна банка ќе дадат мислење.

Германија, Франција, Италија, Шпанија, Холандија, Австрија, Белгија, Финска, Ирска, Луксембург и Португалија одлучија еврото да почне да се користи од јануари 1999 година. Во 2002 година, банкнотите и монетите на еврото беа воведени во земјите на ЕУ кои ја прифатија валутата. Со транзицијата на Грција во 2001 година, Словенија во 2007 година, администрацијата на кипарските Грци и Малта во 2008 година, Словачка во 2009 година, Естонија во 2011 година, Латвија во 2014 година и Литванија во 2015 година, еврозоната ја сочинуваа 19 членки.

https://www.consilium.europa.eu

## 8 МИЛИЈАРДИ ЕВРА ПОМОШ ЗА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ФРАНЦИЈА



Француските законодавци подготвуваат нацрт-закон кој ќе помогне за зголемување на куповната моќ на домаќинствата преку зајакнување на мерките на владина помош за 4% или околу 8 милијарди евра, за периодот помеѓу јули и април следната 2023 година. Предложените зголемувања ќе се однесуваат на семејства, невработени работници **и лица инвалиди,** како и за исплата на пензиите.

Надоместоците за домување може да се зголемат за 3,5% почнувајќи од јули годинава.

Централната банка на Франција предвиде дека француската инфлација во просек ќе изнесува 5,6% во 2019 година, пред да падне на 3,4% до 2023 година, а потоа да се намали под целта од 2% на Европската централна банка во 2024 година.

Во јануари годинава, Француската влада **го обврза** државниот снабдувач на енергија ЕДФ да го ограничи растот на големопродажните цени на 4% во траење од една година, што ќе резултира со вкупен трошок од 8,4 милијарди евра.

Франција претходно во 2020 година најави еднократна исплата од 100 евра за 5,8 милиони домаќинства што добиваат ваучери за енергија. Според бриселската експертска група „Брејгел“, се очекува Франција да потроши 38 милијарди евра за поддршка на населението за време на кризата во животниот стандард.

https://www.euronews.com

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕШКО ПРЕДВИДУВАЊЕ 2022




Европската комисија на 29 јуни 2022 година усвои Извештај за стратешко предвидување 2022 – Збратимување на зелените и дигиталните транзиции во новиот геополитички контекст. Извештајот идентификува 10 клучни области на дејствување со цел да се максимизираат синергиите и конзистентноста помеѓу европските климатски и дигитални амбиции. ЕУ очекува да ја зајакне меѓусекторската отпорност и стратешка автономија, со што ќе биде подобро подготвена да се соочи со новите глобални предизвици до 2050 година.

Извештајот за стратешко предвидување за 2022 година поставува идна ориентирана и холистичка анализа на интеракциите помеѓу двојните транзиции, земајќи ја предвид улогата на новите технологии на предупредување и клучните геополитички, социјални, економски и регулаторни фактори кои го обликуваат нивниот капацитет за меѓусебно зајакнување. Дигиталните технологии и помагаат на ЕУ да постигне климатска неутралност, да го намали загадувањето и да го врати биодиверзитетот. Нивната широка употреба ја зголемува потрошувачката на енергија, а истовремено доведува до повеќе електронски отпад и поголем еколошки отпечаток.

Комисијата на 17-18 ноември 2022 година ќе организира годишна конференција за европска стратегија и систем за политичка анализа (ESPAS), на која ќе се разговара и за заклучоците од Извештајот за стратешки предвидувања за 2022.

https://ec.europa.eu

## ДОГОВОР ЗА ПРАВИЛАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КРИПТО ТРАНСФЕРИТЕ ВО ЕУ




Европската унија постигна договор за нови правила според кои трансферите на криптовалути ќе подлежат на истите правила за перење пари како и традиционалните банкарски трансфери. На 29 јуни годинава, преговарачите на ЕУ потпишаа привремена спогодба за првите правила на блокот од 27 земји-членки, за следење на трансфер на крипто средства како биткоинот. Правилата имаат за цел да ги потиснат нелегалните трансфери и да блокираат сомнителни трансакции.
Според новите правила, кога крипто средството ја менува сопственоста, информациите за изворот и корисникот ќе треба да се складираат на двете страни на трансферот. Крипто компаниите ќе мора да ги пренесат овие информации до властите кои истражуваат криминални активности како што се перење пари или финансирање тероризам.
Институциите на ЕУ ги разработуваат техничките детали пред конечно да бидат одобрени правилата. Беа претставени и деталите од посебниот договор за сеопфатен пакет крипто-регулативи, познати како Пазари на крипто средства.

https://www.reuters.com

## МЕТА, ГУГЛ И ТВИТЕР СО АКЦИЈА ПРОТИВ ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ




Мета, Гугл, Твитер и Мајкрософт се согласија да заземат поцврст став против дезинформациите според новиот изменет кодекс на ЕУ, кој би можел строго да ги казни доколку не го направат тоа.
Повеќе од 30 потписници, вклучително и рекламни тела, се обврзаа на ажуриран Кодекс за борба против дезинформации, соопшти Европската комисија.
Потписниците се согласиле да направат повеќе во борбата против наместените видеа, лажните сметки и политичкото рекламирање, додека непочитувањето може да резултира со казни до 6% од глобалниот приход. Компаниите, вклучително и ТикТок и спортската платформа за стриминг на Амазон, Твич, имаат шест месеци да ги исполнат ветувањата и ќе треба да презентираат извештај за напредокот на почетокот на 2023 година.
Критичарите, како што е Здружението на комерцијални телевизии и услуги за видео на барање во Европа (ACT), истакнаа дека има големи недостатоци во ревидираниот Кодекс.

https://www.reuters.com

## ДОНЕСЕН ЗАКОН ВО јуни 2022 ГОДИНА

1. Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

## НОВ КРАТКОРОЧЕН СТАТИСТИЧКИ ПОКАЗАТЕЛ НА ЕВРОСТАТ

Евростат за прв пат објави нов краткорочен статистички показател за производството на услуги во деловната економија. Индикаторот воведен со Регулативата за европска деловна статистика, ќе се објавува на месечна основа 60 дена по завршувањето на референтниот месец. Индикаторот опфаќа транспорт, сместување и услуги за храна, информациски и комуникациски услуги, активности за недвижнини, научни и технички услуги, како и активности за поддршка на канцелариите. Финансиските и јавните услуги не се дел од индикаторот. Во март 2022 година, производството на повеќето услужни индустрии во ЕУ, закрепнале и го надминале нивото пред периодот на COVID-19. Севкупно, услугите во март 2022 година биле речиси 8% повисоки отколку во февруари 2020 година. Единствен исклучок од овој позитивен тренд биле услугите за сместување и храна, кои се уште биле 15% под нивото пред пандемијата COVID-19. Во март годинава, услужните индустрии кои забележале најдобро закрепнување во производството од февруари 2020 година се ИКТ активностите (+16%), транспортните и складишните активности (+11%) и професионалните, научните и техничките активности (+8%).

https://ec.europa.eu/eurostat




*ЕУ КАЛЕНДАР / јули 2022*

1. *Чешко претседателство со Советот на ЕУ, 01/07/2022 - 31/12/2022;*
2. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 04-07/07/2022, Стразбург;*
3. *Конференција за млади 11-13/07/2022, Прага, Чешка Република.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




